Република Македонија
Министерство за економија
Државен инспекторат за техничка инспекција

Бр. 18 - 1672 / 2
Скопје, __ . 10 . 2011 година
Државен инспекторат за техничка инспекција
Васил Главинов бб, блок 10, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3224-936
Тел. (02) 3118-289
Факс: (02) 3114-045
http://www.economy.gov.mk

Врз основа на член 7, став (1) и член 30 од Законот за техничка инспекција, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2008, 119/2010 и 36/2011), Државниот инспекторат за техничка инспекција, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за ставање во употреба на техничка опрема**

1. Се ставаат во употреба електроенергетските постројки и електричната опрема вградени во СОНЧЕВА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА „ЦРВЕН БРЕГ“ с.Гермијан, о.Новаци.

2. Ова Решение се однесува за електроенергетските постројки и електричната опрема дадени во Прилог 1 од Извештајот од технички прегледи и периодично испитување, бр.014 од 22.09.2011 година, арх.бр.0702-1741/1 од 22.09.2011 година, изработен од независното правно лице МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА КВАЛИТЕТ – 1000 Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр.113.

3. Ова Решение стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Инвеститорот МЕГА СОЛАР ДООЕЛ – Скопје, Ул. „Христо Смирненски“ 54-1, поднесе барање, заведено под нивен бр. 49/11 од 28.09.2011 година, за ставање на електроенергетски постројки и електрична опрема вградени во СОНЧЕВА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА „ЦРВЕН БРЕГ“ с.Гермијан, о.Новаци. Во прилог на барањето доставен е Извештај од технички прегледи и периодично испитување, бр.014 од 22.09.2011 година, арх.бр.0702-1741/1 од 22.09.2011 година, изработен од независното правно лице МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА КВАЛИТЕТ – 1000 Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр.113.

По спроведената проверка на приложената документација, Инспекторатот утврди дека се исполнети условите за ставање во употреба на електроенергетските постројки и електричната опрема вградени во СОНЧЕВА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА „ЦРВЕН БРЕГ“ с.Гермијан, о.Новаци, дадени во Прилог 1 од Извештај од технички прегледи и периодично испитување, бр.014 од 22.09.2011 година, арх.бр.0702-1741/1 од 22.09.2011 година.

Врз основа на предното се донесе решение како во диспозитивот.

Екрем Буњаки
Директор

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот на ова решение до Министерството за економија.